Врз основа на член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Репбулика Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19**

**Член 1**

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID -19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20 I 64/20), во членот 1:

Точката 18 се менува и гласи:

„18. Се затвораат сите гранични премини во Република Северна Македонија за премин на странски државјани – патници и возила, освен за влез и транзит на товарни возила, за претставниците од дипломатскиот кор во Република Северна Македонија, како и за други лица, за кои Министерството за внатрешни работи ќе даде дозвола по претходно мислење од Главниот координативен кризен штаб кој ќе потврди дека постои посебен државен или економски интерес. Овие товарни возила и лица ќе влезат во Република Северна Македонија според посебни услови за заштита согласно протоколот на Министерството за здравство.“

По точката 22 се додава нова точка 23. која гласи :

„23. Се затвора Меѓународниот Аеродром Скопје и граничниот премин на овој аеродром по истек на 48 часа од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, освен за државни, воени, хуманитарни, болнички, карго и летови без патници за позиционирање на воздухоплови, со претходна најава до аеродромскиот оператор ТАВ Македонија ДООЕЛ, а АД М-НАВ Скопје да издаде НОТАМ препорака за истото.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 44-2147/4**
**16 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**